Црвен крст на Република Северна Македонија

# ВОДИЧ

## ЗА ПРИСТАП И СОРАБОТКА СО ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА



# СОДРЖИНА
# НА ВОДИЧ


01 ВОВЕД

02 ЗОШТО Е ВАЖНА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНИТЕ?

03 ЗА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

04 МОДЕЛ ЗА СОРАБОТКА СО ОПШТИНИТЕ

05 ПОЗИТИВНИ ПРИМЕРИ ОД ПРАКСА


## СПИСОК НА КРАТЕНКИ

ЦК – ЦРВЕН КРСТ

ЦКРСМ – ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ООЦК – ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЦРВЕН КРСТ

ЦКГС – ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ

РСМ – РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЕЛС – ЕДИНИЦА/И НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ЛЕР – ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ





# ВОВЕД

Улогата на Националното друштво како „помошник на јавните власти во хуманитарната област" е во сржта на неговиот идентитет. Тоа е единствена и дефинирачка карактеристика што го разликува Црвениот крст од сите други организации во земјава. Водејќи се од Женевските Конвенции, статутарните одредби како и Законот за Црвен крст на РСМ, „Црвениот крст на РСМ е самостојна и автономна организација, и има помошна улога на властите во државата во остварување на хуманитарни активности, при што ја задржува автономијата која и дозволува да дејствува постојано во согласност со Основните принципи на Движењето". Помошната улога на Националното друштво на јавните власти овозможува суштински простор за дијалог и заемно корисни односи меѓу нив. Помошниот статус е највреден кога неговата содржина е јасно дефинирана и партнерствата континуирано се подобруваат и зајакнуваат со јасни и заеднички одговорности

Силната „помошна врска" помеѓу Националното друштво и различните структури на државата може да ги направи хуманитарните активности и јавните услуги поефективни и поефикасни. Помошната улога може да се гледа како алатка за разјаснување на улогите и одговорностите во хуманитарната област во рамките на Основните принципи на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Постојат безброј можности со кои помошната улога ќе им овозможи и на државните структури и на Националното друштво да ги постигнат своите хуманитарни и развојни цели.

Овој Документ е креиран од страна на Централната канцеларија на ЦКРСМ за да им помогне на Општинските организации на Црвен крст и Црвениот крст на Град Скопје преку насоки и препораки да воспостават механизми и стратегии со кои ќе остварат нова или ја зајакнат постоечката соработка со локалните власти и со тоа ќе покажат волја за придонес кон градење на една силна, модерна и организација од доверба. Тој исто така ќе ја покаже широчината на она што може да се најде под капата на помошната улога.

Се надеваме дека овој документ ќе послужи како алатка за иницирање на вредни размени меѓу ООЦК/ЦКГС и локалните власти кои ќе доведат до долгорочни и продуктивни партнерства. Централната канцеларија со својата стручна служба е подготвена да придонесе кон остварување на еден континуиран дијалог меѓу двете страни кој е од особена важност во обезбедување на најдобрата можна хуманитарна помош на оние на кои им е најпотребна.

# ЗОШТО Е ВАЖНА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНИТЕ?

Во своето над 160 годишно дејствување Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина својата работа ја развива во партнерска релација со заедниците и корисниците кои имаат потреба од поддршка и помош. Одржувањето на довербата и транспарентноста и партнерската соработка со институциите и организациите на локално и национално ниво игра посебно важна улога во градењето на проактивни пристапи и континуитет во напорите за подобрување на животот на ранливото население. Црвениот крст на РСМ како помагател на државата интензивно работи на промоција на сопствените вредности и сѐ повеќе настојува да се препознае како значаен партнер пред државниот, бизнис и граѓанскиот сектор. Преку градење на заедничко партнерство и меѓусебна доверба во остварување на позитивни промени во заедниците, се зајакнува, пред сѐ и довербата на граѓаните во општеството, во институциите на државата, Црвениот крст, здруженијата на граѓаните и компаниите.

Согласно законските одредби и Статутот на организацијата, Црвениот крст на РСМ соработува со државните институции во повеќе области а остварува тесна соработка и со Министерството за локална самоуправа. Единиците на локалната самоуправа и градот Скопје од своите буџети, соодветно обезбедуваат средства за Општинските организации на ЦК и ЦК на град Скопје за реализација на програмски активности и финансирање на проектни иницијативи. Оваа соработка со Општините, која дополнително го зајакнува местото и улогата на Црвениот крст во државата, е веќе остварена во поголем дел од Општинските организации но потребно е истата да се прошири, зајакне и унапреди со цел имплементација на заеднички програмски и проектни активности, заеднички настап и координација со институциите на локалната самоуправа и поттикнување реализација на заеднички иницијативи, меѓусебна поддршка и пристап до фондови за поддршка и развој, понатаму зајакнување на адвокативноста и застапувањето на потребите и приоритетите на нашите корисници, воведување нови сервиси за нив, промовирање на солидарноста.

Формализирањето на соработката меѓу ООЦК/ЦКГС и Општините ќе овозможи поефикасно и поуспешно спроведување на активностите од заеднички интерес од областа на: здравствено-превентивната и социјално-хуманитарната дејнсот, прва помош, крводарителство, активности за промовирање на хуманите вредности и доброволното ангажирање, подигнување на јавната свест и обука на заедницата за заштита и самозашита во случај на катастрофи; и едукација, обука, организирање и интегрирање на младите во работата на Црвен крст, подобрување на пристапот до соодветни и прифатливи услуги и нега за ранливите лица. Накратко – безброј можности за заедничко делување во насока на решавање на предизвици и проблеми во заедниците преку работата во областите од надлежност и интерес на ЦК и Општините.

# ЗА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Според Законот за локална самоуправа, „Општина" е единица на локална самоуправа, како заедница на жителите на одредено подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон. Општините се правни лица и своите надлежности ги извршуваат преку органи избрани непосредно од граѓаните.

Органи на општината се советот и градоначалникот. Советот е претставнички орган на граѓаните кој одлучува во рамките на надлежностите на општината. Советот работи на седници кои се јавни и ги свикува и раководи Претседателот на советот, по потреба, но најмалку еднаш на три месеци.





Општината ги уредува и врши работите од јавен интерес на локално ниво, утврдени со закон и е одговорна за нивното извршување. Надлежностите на општината опфаќаат:

- урбанистичко планирање
- заштита на животната средина и природата
- локален економски развој
- комунални дејности
- култура
- спорт и рекреација
- социјална заштита и заштита на децата
- образование
- здравствена заштита
- заштита и спасување
- противпожарна заштита
- и други работи утврдени со закон.

# ДЕЈНОСТИ ЗА КОИ СЕ НАДЛЕЖНИ ОПШТИНИТЕ А КОИ ИМААТ ПОВРЗАНОСТ СО РАБОТАТА НА ЦК:

- Заштита на животната средина и природата, во смисла на преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштитата од бучава и нејонизирачко зрачење;

- Заштита и спасување, во смисла на проведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјални добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последици предизвикани од нив;

- Социјална заштита и заштита на деца, во смисла на финансирање, инвестиции, одржување и сопственост на детски градинки и домови за стари, остварување на социјална грижа за инвалидни лица, деца без родители и родителска грижа со воспитно-социјални проблеми, со посебни потреби, од еднородителски семејства како и деца од улица, лица изложени на социјален ризик, засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на деца од предучилишна возраст. Станува збор за големи и доста деликатни надлежности. Поради тоа, вршењето на овие надлежности се спроведува во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита.

- Здравствена заштита, во смисла на управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита во кои општината е застапена во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравствено воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, здравствен надзор на животната средина, надзор над заразните болести, помош на пациенти со специјални потреби и други области определени со закон;

- Во вршењето на работите од својата надлежност единиците на локалната самоуправа во согласност со закон може да основаат јавни служби. Токму преку овие јавни служби треба да дојде до реализирање на голем дел од надлежносите на единиците на локалната самоуправа. Дополнително, законски се утврдува и можноста за делегирање на вршењето на работите од надлежност на единиците на локалната самоуправа, врз други правни и физички лица, врз основа на меѓусебен договор за извршување работи од јавен интерес.

Повеќе околу надлежностите на општините, советот, Градоначалникот и останатите општински тела, покрај Законот за локална самоуправа, може да се прочита на овој линк.

# ШТО Е ОПШТИНСКИ БУЏЕТ?

Буџетот на општината претставува годишен план на приходи расходи со кои се финансираат работите и надлежностите на општината за една фискална (календарска) година која почнува на 1 јануари, а завршува на 31 декември. Неискористените одобрени средства со буџетот престануваат да важат на 31 декември во тековната фискална година што значи не можат да се префрлат во следната година.

Кој е одговорен за буџетот на општината? Градоначалникот е одговорен за подготвување на буџетот на општината и за неговото доставување до Советот на општината како и за неговата реализација.

Буџетскиот календар претставува алатка со која се утврдуваат роковите за планирање и изготвување на буџетот на општината за наредната фискална година. Активностите по кои се одвива буџетскиот процес се одвиваат во текот на целата година според динамиката на буџетскиот календар кој го донесува Советот на општината. Во периодот помеѓу месец октомври и декември календарот предвидува конкретни активности кои треба да ги преземе општината со цел да им овозможи на граѓаните да се информираат и вклучуваат активно во подготовката и приоретизација на програмите и проектите во рамките на буџетот на општината.

- Од 1 до 20 октомври: учество на јавни расправи по приоритетите на предлог програмите на идниот општински буџет
- Од 15 до 25 ноември: учество на јавни расправи по текстот на Предлог Буџетот на општината

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**

| | |
|---|---|
| Декември-март | Советот на општината го донесува буџетскиот календар |
| Најдоцна до 15 април | Владата ги утврдува стратешките приоритети за наредната година |
| Најдоцна до 31 мај | Фискалната стратегија ја донесува Владата |
| Април-мај | Советот на општината го разгледува развојниот план на општината, вклучително со стратешките приоритети на Владата и донесената фискална стратегија |
| Мај-јуни | Секторот за буџети изготвува известување до буџетските корисници да ги достават предлог-пресметките за наредната година |
| Јуни-август | Секторот за буџети врши анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредуваат приоритетите во поднесените барања |
| Најдоцна до 30 септември | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар |
| До 20 октомври | а. Се изготвени нацрт-програмите и Градоначалникот ги доставува до Советот<br>б. Советот ги донесува<br>в. Се одржуваат јавни расправи<br>г. Се објавува содржината на предлог-програмите |
| Најдоцна до 15 ноември | Советот ги донесува предлог-програмите |
| Од 15 до 25 ноември | Јавни дебати, јавни расправи, претставување на буџетот на електронските медиуми и прибирање на други предлози од бизнис заедницата, НВО, граѓаните, итн. |
| До 1 декември | Градоначалникот го доставува предлог-буџетот до Советот |
| Декември | Се води расправа во телата на Советот на општината |
| Крај на декември | На седница на Совет на општината се донесува буџетот за наредната година |
| Јануари | Започнува нова буџетска година |

# МОДЕЛ ЗА СОРАБОТКА СО ОПШТИНИТЕ

**Комуникација и пристап кон воспоставување механизми за успешно партнерство**

Искуствата покажуваат дека не постои единствен успешен модел за соработка на локалните власти со другите чинители. При изборот на моделот за соработка и при процесот на неговото воспоставување, во различни ситуации се применуваат различни пристапи во зависност од расположливите ресурси, од културата и традицијата на соработка и сл. Моделите, во некои случаи, подразбираат постоење и на посебна структура за соработка во рамките на локалните администрации (посебни одделенија или канцеларии за соработка) и пишани правила/документи кои ја регулираат соработката на локалната самоуправа со другите сектори и придонесуваат кон развој на истите. Во други случаи, постои само одреден институционален механизам, но не и стратешки документ, или постои стратешки документ, но не постои јасно дефинирана институционална рамка за соработка.

Повеќето општини во Република Северна Македонија денес имаат изготвено и усвоено повеќегодишни Стратегии за соработка со граѓанскиот сектор со цел да се изгради една поттикнувачка околина за активно граѓанско учество во процесите на креирање политики и развој на локалната заедница. Оваа цел се остварува преку повеќе поврзани цели кои можат да варираат, на пример:
• Вклучување на граѓанскиот сектор во креирањето на локалните политики,
• Развивање соработка и транспарентна размена на информации помеѓу општината и граѓанскиот сектор,
• Поттикнување на граѓански активизам, волонтерство и општествена одговорност,
• Одржливост на граѓанскиот сектор и развиени партнерства,
• Зајакнување на капацитетите на општинската администрација за унапредување на соработка со граѓанскиот сектор и негов развој,
како и преку неколкугодишен акциски план кој вообичаено се содржи во стратешките документи, со конкретни активности и временска рамка.

Аналогно на ова, ООЦК/ЦКГС можат да иницираат официјализирање на соработката со општините преку слични форми на соработка или пишани документи во кои ќе ги конкретизираат заедничките проекти и активности и придонесат за уште похумана заедница.

# КОМУНИКАЦИСКИ ЦЕЛИ

Комуникациските цели можеме да ги поистоветиме и со придобивките (и за двете страни) од остварувањето или зајакнувањето на соработката помеѓу ООЦК/ЦКГС со ЕЛС и истовремено да се надоврземе на делот на овој документ наречен „Зошто е важна соработката со општините?". Комуникациските цели можат да бидат многубројни, а дел од нив се:
• Зајакнување на соработката на ООЦК со ЕЛС а со тоа и позиционирањето на ЦК во државата,
• Обезбедување на постојана проактивна и реактивна комуникација со општините,
• Зголемување на визибилноста и разбирањето на јавноста за улогата на ЦК,
• Доближување на приоритетите и политиките на Црвен крст до граѓаните (и усогласување со оние на локалните власти),
• Подобрена, активна транспарентност и отчетност за работата и улогата на двете страни преку редовен контакт со медиумите и граѓаните а со тоа и зголемена доверба на граѓаните во институциите на системот,
• Заедничко мапирање на локални потреби на заедниците а со тоа и подобрување на сервисите на ЦК и сите хуманитарни активности;
• Спроведување кампањи за јавно добро и од јавен интерес со коишто се промовираат вредности, мерки и сервиси за поквалитетен живот на граѓаните и се зголемува јавната свест,
• Информирање на населението во случај на кризи, несреќи и катастрофи,
• Вклученост на ООЦК во процеси на донесување одлуки, креирање на стратегии, развој на политики, нови услуги, итн.,
• Заедничко решавање локални проблеми и предизвици во заедницата од областите каде постои заеднички мандат на дејствување

# ПРИНЦИПИ КОИ ЈА ГАРАНТИРААТ СЕРИОЗНОСТА НА ООЦК / ЦКГС КАКО ПАРТНЕРИ ВО СОРАБОТКАТА СО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

- **Взаемна почит и доверба** – секоја успешна и долготрајна соработка е базирана врз отворен и искрен однос со почит и доверба, кој вклучува и транспарентна и конструктивна комуникација како и редовна координација.
- **Усогласување на визии и вредности** – прецизно и паметно одредување на заеднички цели согласно локалниот контекст. Заедничко мапирање на потребите на граѓаните и целните групи.
- **Навремено и добро планирање** – секој процес на донесување одлуки треба да биде базиран на информации, докази и согледување на проблемот во дадениот контекст. Доброто планирање на процесот, во однос на временската рамка, вклучените страни и потребните информации и документи значително ја зголемува можноста за донесување успешна применета политика или одлука.
- **Вклучување на сите засегнати страни** – клучен елемент за успешен процес на донесување одлуки е вклучување на сите засегнати страни, односно сите чинители кои имаат изразен или неизразен интерес во однос на одлуката или политиката која треба да се донесе. Доброто планирање на вклучените страни може значително да влијае на успешноста на процесот и особено на скратување на времето и избегнување на несаканите реакции по завршувањето на процесот.
- **Навремена и доволна размена на информации** – недостатокот на информации може да има негативно влијание врз донесувањето одлуки, особено ако нееднаквиот пристап до информации предизвикува донесување заклучоци базирани на нецелосни информации, како и недоверба меѓу засеганатите страни. Разбирањето на интересите и потребите на другите во процесот е исто важно како и разбирањето на сопствените интереси и потреби
- **Едукација на засегнатите страни** – нееднаквиот пристап до информации, особено во одредени стручни области, има големо влијание врз донесувањето одлуки, како и врз меѓусебната доверба на носителите на одлуки.
- **Транспарентност на активностите кои се одвиваат во текот на процесот** – транспарентноста се постигнува со доволна и навремена размена на информации, едукација и отворен консултативен процес. Особено е важно, во услови на ограничени финансиски и други ресурси, да се обезбеди доволна транспарентност, заради валидност на донесените одлуки и направениот избор од можните алтернативи.
- **Можност за легитимизирање на интересите на засегнатите страни** – по добивањето доволно информации и знаење, и покрај фактот што секогаш донесените одлуки не ќе бидат поволни за сите засегнати страни, важно е сите засегнати страни да имаат можност и право да ги легитимизираат своите интереси и потреби, како потенцијал за одржување континуитет на процесот, односно подоцнежно преиспитување и можно менување на донесените одлуки и направениот избор на алтернативи, доколку се утврди дека постојат подобри решенија и можности.
- **Отвореност во процесот на разгледување на можните и понудените алтернативи** – градењето на релации и соработка да се базира на поширок пристап во искористување на взаемните ресурси на организацијата и институциите (соработката не мора да е исклучиво од финансиска природа).
- **Градење капацитет или користење постоечки капацитети за мониторинг и евалуација**
- **Останати фактори** за успешност можат да бидат: мотивираност и волја за соработка и од страна на двете страни, заложба на страните во процесот на подготовка и реализација на моделите за соработка, сфаќање на вредностите и придобивките од соработката, доделување ресурси од страна на локалните власти за спроведување на мерките предвидени во моделот за соработка, одржување на фокусот за да се обезбеди усвојување и примена на моделите, моделот за соработка да одговара на условите, можностите и потребите на локалната заедница, итн.
- **Адвокативната улога** на Националното друштво секогаш треба да биде земена предвид при воспоставување на соработката но и во текот на истата како клучен аспект на делувањето. Мисијата на организацијата ни наложува адресирање, застапување и лобирање за нашите таргет групи односно за нивните потреби и интереси.

# НАСОКИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА И ПРИСТАП КОН ОПШТИНИТЕ

**Кога се комуницира со општините важно е да се земе во предвид следново:**

- Процесот на комуникација да биде јасен и познат за сите чинители;
- Комуникацијата да биде навремена, отворена, искрена и двонасочна;
- Транспарентна и доволна размена на информации, искуства, знаења;
- Да се земе предвид главниот мандат на општината како дел од јавната администрација, како и управувањето со нејзините соодветни области на одговорност (тематски и географски) и поставување на приоритетите на административната политика;
- Во излагањата односно презентацијата пред Градоначалникот или Советот повеќе да се користат повеќе бројки и приказни – привлекуваат внимание, даваат повеќе логички причини да бидете слушнати;
- Во презентацијата да се истакнат конкретно оние области во кои можете да остварите соработка или гледате можности за заеднички проекти или активности. Поврзете ги вашите цели и адвокативни барања, на тој начин полесно и побрзо ќе ве разберат и мотивираат да остварат соработка;
- Да се иницираат нови иновативни начини на соработка, да се истражат сите можности;
- Да се конкретизираат пишаните документи за соработка, да се заложат двете страни не само на формални туку на долготрајни партнерства со прецизни, остварливи општествени цели;
- Да се земат во предвид нивните надлежности, стратегии за соработки, програми за локален економски развој, национални стратегии и сите стратешки документи кои ги имаат а се од интерес на ООЦК/ЦКГС и на тој начин да се направи вкрстување на приоритетни области и заеднички цели;
- Да се земе во предвид буџетскиот календар кој би бил основа за динамиката на временската рамка и планирање на активностите во процесот на остварување соработка со општината;
- ООЦК/ЦКГС да обрнат внимание на територијалната поставеност на општината;
- Да се иницира да се користат заеднички бази на податоци за локалната заедница со цел точно мапирање на потребите на средината;

# КОНКРЕТНИ ЧЕКОРИ ЗА ПРИСТАП И ОСТВАРУВАЊЕ СОРАБОТКА СО ЕЛС

*Напоменуваме дека дадените временски рамки се предлог, истите може да се прилагодат на локалниот контекст

### ЧЕКОР 1 – Анализа на политики и стратегии на ЕЛС

Временска рамка: најдоцна до 20-ти април во тековната година

Насоки:Единиците на локалната самоправа редовно креираат политики и стратегии на локално ниво за приоритетите и надлежностите од нивен интерес. Општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје како партнери на локалните институции треба постојано да ја следат ваквата нормативa и акти со цел делувањето да биде во насока на заедничко остварување на целите важни за локалниот контекст.

Што треба да анализирате?

- Годишна програма за работа на локалната самоуправа
- Програма за работа на градоначалникот на локалната самоуправа
- Стратегија за соработка со граѓански сектор
- Стратегија за образование
- Стратегија за социјална заштита
- Стратегија за ЛЕР (Локален економски развој)
- Програма во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи
- Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи

Од наведените документи треба да се извлечат заложбите на локалните институции кои се во коресподенција со работењето и интересот на Општинската организација на Црвен крст или Црвен крст на град Скопје

### ЧЕКОР 2 – Креирање на каталог на активности

Временска рамка: најдоцна до 5-ти мај во тековната година

Насоки: Општинската организација на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје по утврдување на приоритетите и заложбите кои се во заеднички интерес со единиците на локалната самоуправа потребно е да креираат каталог на активности / проекти / програми кои може да се претставаат како предлози за соработка со ЕЛС

### ЧЕКОР 3 – Состанок со Градоначалник/ци на ЕЛС

Временска рамка: најдоцна до 10-ти мај во тековната година

Насоки: Секретарот на општинската организација на Црвен крст или Црвен крст на град Скопје потребно е да воспостави контакт со градоначалникот или градоначалниците на единиците на локалните самоуправи од територијата која ја покрива ООЦК / ЦКГС со цел да се закаже средба / состанок. Како претставник на состанокот покрај секретарот на ООЦК / ЦКГС пожелно (опционално) е да присуствува и Претседателот на ООЦК / ЦКГС и / или член од Раководниот одбор. Во зависност од претходната воспоставена пракса средбата може да се одвива во насока на:

- Запознавање на градоначалникот/градоначалниците со работата на ООЦК / ЦКГС или
- Презентирање на заложбите од заеднички интерес и каталогот на активности / проекти / програми.

На состанокот со градоначалникот потребно е да се договорат и наредните чекори односно закажување на состанок со одговорни лица од сектори/одделенија од општините и дефинирање на предлог точка на идна седница на Советот на општината за реализација на дисеминација за членовите на истиот.

## ЧЕКОР 4 – Состанок со одговорни лица од сектори/одделенија на ЕЛС

Временска рамка: најдоцна до 30-ти мај во тековната година

Насоки: Состанокот со одговорните лица од сектори/одделенија надлежни за работите од заеднички интерес (образование, социјална заштита и заштита на деца, здравствена заштита, заштита и спасување, противпожарна заштита итн.) има за цел да ја доближи работата на ООЦК/ЦКГС до истите во насока на прецизирање на можностите за соработка. На состанокот се препорачува да бидат споделени позитивните практики, потребите утврдени на терен или компаративните искуства. Доколку е потребно може и на самиот состанокот да се направи мапирање на заедницата и потребите кои ќе бидат основа за градење на одржливи партнерства.

## ЧЕКОР 5 – Дисеминација пред Совет на ЕЛС

Временска рамка: најдоцна до 30-ти мај во тековната година

Насоки: Кога зборуваме за дисеминација пред членовите на советите на единиците на локалната самоуправа важно е да се напомене дека целта на оваа дисеминација е насочена кон пласирање на информации за работата на општинската организација на Црвен крст или Црвен крст на град Скопје а не дисеминација за Движењето на Црвен крст. Во прилог на документот следува презентација и насоки за истата. Дисеминациската сесија не треба да биде подолга од 20 минути освен кога подолго времетраење е договорено со членовите на советот. Во рамки на презентацијата треба да се истакнат активностите/проектите/програмите по кои ООЦК/ЦКГС е препознатлив во заедницата во која делува а кои воедно отвараат можности за соработка со ЕЛС во насока на продлабочување, унапредување на истите или пак имплементација на нови активности.

## ЧЕКОР 6 – Потпишување на меморандум

Временска рамка: најдоцна до 30-ти јуни во тековната година

Насоки: Се препорачува општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје по спроведување на горенаведените чекори да пристапат кон потпишување на општ меморандум за соработка, препорачливо на подолг период (пр. петгодишно времетраење). Општиот меморандум ги дефинира сегментите кои ќе бидат фокус во работењето на ООЦК/ЦКГС и ЕЛС а се во насока на афирмирање на улогата на Црвен крст како помагател на државните власти. По потреба може ООЦК/ЦКГС да се обратат до Централната канцеларија на ЦКРСМ за поддршка во креирање на меморандумот за соработка.

## ЧЕКОР 7 – Потпишување на договор

Временска рамка: најдоцна до 15-ти септември во тековната година

Насоки: Во согласност со општиот меморандум за соработка, потребно е да се потпише годишен договор во кој ќе е уредат правата и обврските на единицата на локалната самоуправа и општинската организација на Црвен крст / Црвен крст на град Скопје. Препорачаната соработка која е наведена погоре односно предвиденост на активностите/проектите/програмите како посебна буџетска ставка, треба конкретно да е уредена во овој договор.

## ЧЕКОР 8 - Отчетност и транспарентност

Временска рамка: тековно низ годината

Насоки: Општинската организација на Црвен крст / Црвен крст на град Скопје во насока на градење одржливи партнерства со единиците на локалната самоуправа потребно е да предложат до градоначалникот на ЕЛС учество во работата на Советот на општината за презентација на годишната програма за работа на ООЦК/ЦКГС најдоцна до 15 декември 2022 година и уште едно учество најдоцна до 15 март 2023 година за презентација на годишниот извештај за работа на ООЦК/ЦКГС.

Препорачливо е градоначалниците на ЕЛС од територијата на која делуваат ООЦК/ЦКГС да бидат поканети на поважни настани (свечени настани за крводарители, општински натпревари по прва помош итн.) со цел да се истакне поддршката и соработката.

Исто така, во единиците на локалните самоуправи да се основаат и основни организации на Црвен крст. Воедно, доколку тоа не е контраиндицирано, може и како членови на раководните структури на ООЦК/ЦКГС да бидат и претставници од единиците на локалните самоуправи односно лицата кои се одговорни за програмското работење во ЕЛС.

# ПОЗИТИВНИ ПРИМЕРИ ОД ПРАКСА

## Соработка помеѓу Организацијата на Црвен крст на град Скопје и Град Скопје

Соработката на Црвен крст на град Скопје со Град Скопје се темели на процес на лобирање и развивање релации со кабинетот на градоначалникот и остварување директни контакти со градоначалникот. Како добар модел функционира и нивниот систем на комуникација со одговорните лица во Градот на одделите за детска, здравствена и социјална заштита и одделот за поддршка на катастрофи. Како важен сегмент во соработката ги истакнуваат директните и непосредни средби со градоначалникот, неговото директно запознавање со работата на Црвен крст, дејностие и областите на дејствување и значењето на истите за целокупното население во Скопје и пошироката околина. Значаен е и директниот контакт на градоначалникот  со активностите кои се имплементираат на терен а особено поканите за настаните поддржани од Град Скопје (пр.промотивни настани, настани за различни целни групи) со што градоначалникот и надлежните сектори имаат реална слика за импактот во заедницата, промените кои Црвен крст ги прави со нивна поддршка и потребата од истите.

Соработката на ЦКГС со Град Скопје исто така се телеми и на почитување на принципот на отчетност, транспарентност и достапност на информациите како и приказ на финансиските средства наменети за одредена активност. Град Скопје покрај материјална дава и финансиска поддршка за финансирање на проекти/програми кои се веќе препознатливо обележје на Град Скопје и позитивен пример во целокупната заедница, како: Пунктот за бездомници и Прифатилиштето, Планинската спасителна станица, проект за поддршка на стари лица/Дневни центри за стари лица, Училишни клубови за едукација и превенција, проект за поддршка на Копче, проект за поддршка на ранливи целни групи на корисници, подршка за отворање на Дневен центар за дарување крв, итн. Позитивните резултати од работењето на истите редовно се споделуваат со Градот преку месечни, квартални и годишни извештаи, показатели, финансиски извештаи. На тој начин ЦКГС ја добива довербата од Градот и ја зајакнува позицијата на стабилен и сериозен партнер.

Друг важен фактор за успешна соработка според ЦКГС е и процесот на транспарентна промоција на активностите/програмите/проектите – редовно гостување и промовирање на истите на традиционалните медиуми (радио, ТВ), електронски медиуми (веб портали, Фејсбук, Инстаграм, е-весник) но и редовно истакнување на поддршката на Град Скопје преку видлива поставеност на нивното лого. Како знак на благодарност за континуиранаата поддршка, ЦКГС редовно доделува признанија на поединци од секторите на општината и на градоначалниците. Тие се редовни гости и на поголемите промотивни настани на организацијата (свечени седници, одбележување на значајни датуми, јубилеи, итн.).

Соработката е започната во 2005-та година а се интензивира во 2009-та година преку заедничка изработка на неколку проекти кои беа дел од програмата на Градоначалникот за унапредување на социјалните сервиси во градот Скопје. Соработката трае веќе 17 години и секоја година се ревидираат активностите согласно проценката која с еправи од страна на заеднички тим со Одделот за социјална и детска заштита и стручната служба на Црвен крст на град Скопје.



## Соработка помеѓу Општинска организација на Црвен крст Битола со општина Битола

Општинската организација на Црвен крст Битола ја започнала својата соработка со локалната самоуправа со потпишување на Меморандум и дисеминациски сесии за запознавање на општината со дејностите и работата на Црвен крст. Нивната соработка вклучува низа проекти и активности во различни дејности на работење од заеднички интерес и денес Општина Битола е еден од главните поддржувачи и помагатели за успешно реализирање на мисијата на ООЦК Битола. Соработката е видлива преку:

• учеството на локалната самоуправа во социјално-хуманитарната дејност на ООЦК Битола, особено во згрижувањето на бездомни лица како и обуките за лична асистенција и нега на стари лица;

• редовното учество и аплицирање на ООЦК Битола на повиците за проекти на општината;

• ООЦК Битола е претставена во локалниот младински совет на општината преку волонтер од организацијата;

• одржување на освежителни курсеви за прва помош за вработените во административно-правниот сектор како и за членовите на советот на Општина Битола;

• организирање на крводарителски акции и мотиваторски сесии за крводарителство.

## Соработка помеѓу Општинска организација на Црвен крст Кочани и општина Кочани

Како долгогодишна воспоставена пракса на ООЦК Кочани во делот на информирање и отчетност е доставата на Годишниот извештај и Годишниот план за работа на Општинската организација на разгледување и усвојување од страна на Советот на Општина Кочани. Секоја година како точка на седница на Советот на Општина Кочани се разгледува Програмата за работа и Годишниот извештај за минатата година кои понатаму се разгледуваат на состанок на Комисијата за социјални работи составена од претставници на Советот. Досегашната пракса е дека Извештајот и Програмата веднаш се усвојуваат со големо мнозинство. Секретарот е поканет на седницата на Советот и одговара на евентуални прашања од страна на советниците.

Информирањето на членовите за програмите и активностите кои Општинската организација ги реализира влијае за создавање на позитивен впечаток и мислење за Општинската организација на Црвен крст Кочани.

## Соработка помеѓу Општинска организација на Црвен крст Струмица и општина Струмица, Босилово, Василево и Ново Село

На територијата на ООЦК Струмица има 4 единици на локална самоуправа, општина Струмица, Босилово, Василево и Ново Село. Секоја од нив има годишен буџет согласно годишната програма за работа на ООЦК Струмица. Општините учествуваат во: финансирањето на активности во областа на младинско работење, мотивирање на крводарители, летен камп за млади, и др.

Во соработката со општините една од највидливите активности на ООЦК Струмица може да се издвои давањето на личната асистенција која е нивен бренд за препознавање.

Со општина Струмица имаат имплементирано неколку проекти кои најчесто ги финансираат странски донатори, Reload програмата на UNDP за нега на стари лица со попреченост како потребна услуга на лицата кои не се опфатени со личната асистенција.
Воспоставена соработка со општините Василево и Ново Село преку отворање на две канцеларии за развој на социјални услуги за нега на стари лица и обуки за негуватели посебно во руралните подрачја. Воедно ООЦК Струмица гради и успешни релации со соседните единици на локалната самоуправа во делот на обука на испорачатели на услуги (лични асистенти).
Исто така, ООЦК Струмица во насока на афирмација на адвокативната улога на организацијата членува и во телата за социјална заштита во 4 локални самоуправи.

www.redcross.org.mk